Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 04-961/27
16.07.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), како и согласно член 44 од Статутот на Јавното претпријатието за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр. 05/22), Директорот на јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар - Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати по јавен оглас број 312/2025**

**Член 1**

СЕ ИЗБИРА **Димитар Павловски** со идентификациски код 53FB717 како прворангиран кандидат од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас бр. 312/2025 за работно место Самостоен референт за спроведување на наплата (подготовка и испраќање на фактури) со шифра КДР 01 02 Г01 000 во Одделение за наплата при Сектор за административна оператива, со освоени вкупно 88.18 бода.

**Член 2**

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор на кандидати за административни службеници по јавен оглас бр. 312/2025, ќе се донесе решение за вработување на неопределено време.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Образложение**

На ден 22.05.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха се објави Јавен оглас бр. 312/2025 за вработување на 1 (еден) извршител на 1 (едно) работно место за Самостоен референт за спроведување на наплата (подготовка и испраќање на фактури) со шифра КДР 01 02 Г01 000 во Одделение за наплата при Сектор за административна оператива. На ден 30.05.2025 година од страна на Директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр. 312/2025. На ден 10.06.2025 година од страна на Комисијата беше спроведена административна селекција за што беше изготвен записник бр. 10-892/6 за кандидатите кои што ја поминале првата фаза. Комисијата на ден 09.07.2025 година спроведе испит за административен службеник за што изготви записник бр. 10-892/7 за кандидатите кои што ја поминале втората фаза. На ден 14.07.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју и изготви записник бр. 10-892/9 за кандидатите кои што ја поминале третата фаза и на веб страната на Агенцијата за администрација објави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за оглас бр. 312/2025 за што до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “Паркинзи” на Општина Центар – Скопје достави Предлог на кандидати за избор по јавен оглас бр. 312/2025. За работното место Самостоен референт за спроведување на наплата (подготовка и испраќање на фактури) со шифра КДР 01 02 Г01 000 како прворангиран кандидат го

предлага кандидатот со идентификациски код 53FB717, Димитар Павловски со освоени 88.18 бода.
Врз основа на доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 312/2025 одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Сектор за управување со човечки ресурси
-Агенција за администрација

ЈП за јавни паркиралишта
Паркинзи на Општина Центар
Директор

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Душко Коцевски

бул. Гоце Делчев бр.14, 1000 Скопје
+389 2 3212488; +389 2 3212489;
факс +389 2 3212578;
електронска адреса: info@poc.mk
www.poc.mk